ADING
состојка на секоја градба

# ИНЈЕКТИНГ К

*Адитив за цементни инјекциони смеси, смеси за инјектирање на кабли за преднапрегање, смеси за залевање и репарација*

*Одговара на EN 934-4*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се употребува како адитив за подготовка на цементни инјекциони смеси наменети за инјектирање на кабли кај преднапрегнати носачи, инјектирање на геотехнички анкери, инјектирање на пукнатини при санација на бетонски елементи, пополнување на шуплини во почва или карпести маси и др.

## СВОЈСТВА

- Го намалува / компензира собирањето на цементната инјекциона смеса или предизвикува блага експанзија;
- Овозможува редукција на водата за припремање на цементните инјекциони смеси;
- Овозможува постигнување на висока флуидност и проток на инјекционата смеса при низок W/C фактор (W/C<0.42);
- Ја намалува или елиминира појавата на издвојување на вода и сегрегација на свежата инјекциона смеса;
- Ги зголемува јакосните карактеристики на стврднатата инјекциона смеса;
- Ја зголемува отпорноста на мраз и соли на инјекционата смеса;
- Во зависност од бараните перформанси, Инјектинг К може да се користи самостојно или во комбинација со адитиви од групата на Суперпластификатори на поликарбоксилатна основа;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|
| Изглед | Сива прашкаста материја |
| Содржина на хлориди | <0.1% |
| pH вредност на 2% раствор | 11,0-13,0 |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА И ДОЗИРАЊЕ

**Дозирање:** За подготовка на смеса за инјектирање на кабли за преднапрегање, препорачаното дозирање на ИНЈЕКТИНГ К изнесува 4.0 % од масата на цементот. Доколку ИНЈЕКТИНГ К се користи во комбинација со адитиви од групата на суперпластификатори (Суперфлуид 21), дозирањето може да се намали.

**Подготовка на инјекционата смеса**: Доколку е возможно, ИНЈЕКТИНГ К се меша со цементот во сува постапка, по што се додава определената количина на вода при постојано мешање додека не се добие хомогена смеса без грутки. Доколку во смесата се користи и суперпластификатор, истиот се дозира заедно со водата. Пред да се внесе инјекционата смеса во инјекторот, истата препорачливо е да помине низ сито.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) по.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

Ефектот на ИНЈЕКТИНГ К може да варира во зависност од употребениот тип на цемент, поради што пред започнување со работата потребно е да се извршат претходни испитувања со цел утврдување на оптималната дозирање на адитив за исполнување на бараните услови на квалитет на инјекционата смеса.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 4 и 15 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

23

GBBA001/1

EN 934-4:2009

**ИНЈЕКТИНГ К**
**Адитив за инјекциона смеса за преднапрегнати кабли**
**EN 934-4**

| | |
|---|---|
| Течливост по 30 min**:** | **≤ 25 s** |
| Јакост на притисок на 28 дена**:** | **≥ 30 MPa** |
| Крварење по 3h | **≤ 2%** |
| Максимална содржина на хлор јони: | **0,1%** |
| Максимална содржина на тиоцијанати: | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008 Анекс А1** |
| Максимална содржина на сулфиди: | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008 Анекс А1** |
| Опсег на промена на волумен на 24 h: | **-1% ≤ S ≤ 5%** |
| Корозивно однесување: | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008 Анекс А1** |
| Опасни супстанци: | **Не е утврдено** |



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

Опасност по здравјето:
Потребно е да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожа, очи или да дојде до вдишување на материјалот. Во случај на контакт на кожата или очите, потребно е да се измие со вода и сапун. Во случај на контакт со очите, потребно е веднаш да се изврши плакнење со чиста проточна вода, како и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Инјектинг К е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање:
Чистење на остатоци од Инјектинг К се врши со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна опрема на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk